

# РАМНОТЕЖАТА ПОМЕЃУ „ЗАЕДНИЧКОТО РОДИТЕЛСТВО“ И НАЈДОБРИОТ ИНТЕРЕС НА ДЕТЕТО

**Издавач: Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство – Глас против насилство**

За издавачот:
Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство – Глас против насилство – Скопје
Ул. Коста Кирков Бр.5/9а Скопје
e-mail: coordinator@glasprotivnasilstvo.org.mk
телефон за контакт: 02/609-0066

**Авторка: Наташа Петковска**

**Уредничка: Елена Димушевска**

**Графичко уредување: Кристина Јорданова**

**Тематски извештај: РАМНОТЕЖАТА ПОМЕЃУ „ЗАЕДНИЧКОТО РОДИТЕЛСТВО“ И НАЈДОБРИОТ ИНТЕРЕС НА ДЕТЕТО**

**Скопје, септември 2024**

Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство

KVINNA KVINNA

Sweden Sverige

Документот е подготвен во рамки на проектот На пат кон ЕУ: Спречување на насилството врз жените во Република Северна Македонија“ финансиран од Фондацијата „Kvinna till Kvinna“ (The Kvinna till Kvinna Foundation) и Шведска, а имплементиран од Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство.
Содржината е единствена одговорност на авторот и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледишта и ставовите на Kvinna till Kvinna и Шведска.

ТЕМАТСКИ ИЗВЕШТАЈ

# РАМНОТЕЖАТА ПОМЕЃУ „ЗАЕДНИЧКОТО РОДИТЕЛСТВО“ И НАЈДОБРИОТ ИНТЕРЕС НА ДЕТЕТО

Автор: **Наташа Петковска**



# СОДРЖИНА


Вовед 5

Методологија на извештајот 7

Моменталното и предложеното решение во македонското законодавство 9

Влијание врз жртвите на семејно насилство 12

Практики од други земји 15

Случајот на Хрватска 17

Случајот на Србија 19

Заклучни согледувања 22

Препораки 23

Користена литература 24

Анекс 1 – Прашалник за интервјуа 26

# ВОВЕД

***Најдобриот интерес на детето*** останува категорија која не може (и не треба) прецизно да се дефинира. Сепак, суштината на овој концепт се согледува во неговата трослојност[1]; тој подразбира материјално право, основен принцип и процедурално правило насочено кон обезбедување целосно и ефективно остварување на сите права на детето.

Начелото „во најдобар интерес на детето" е издигнато на највисоко ниво во бројни меѓународни стандарди. На прво место е Конвенцијата за правата на детето (КПД)[2], чија членка-потписничка е и Северна Македонија. Според КПД, најдобриот интерес на детето треба да е основата во секој процес, активности и дејствија кои ги засегнуваат децата, без разлика дали тие се преземени од страна на јавни или приватни институции за социјална заштита, судови, административни органи или законодавни тела.[3] Државите членки се обврзуваат да обезбедат заштита и грижа на децата неопходна за нивната благосостојба, и се обврзуваат да носат одлуки за заштита на детето од физичка, емотивна и психичка злоупотреба, имајќи ги предвид правата и обврските на нивните родители, законските старатели или на другите поединци кои се правно одговорни за детето.[4]

Примената на овој принцип е задолжителна во ситуации кога родителите се разведуваат, кога се одлучува за родителските одговорности, кога детето е лишено од семејно опкружување, во случаи на посвојување; ограничување на слободата и судски сослушувања во врска со казнени работи кои вклучуваат малолетници. Примарната обврска е да се гарантира сеопфатен развој на детето, преку постојана проценка на неговиот најдобар интерес, во секој конкретен случај.

**Проценката на најдобриот интерес на детето значи дека особено внимание се посветува на и се земаат предвид индивидуалните погледи и барања на детето, неговата возраст, полот, личната и семејната историја, семејната околина и лични односи, ризиците со кои се соочува детето, благосостојбата на детето, социјалната околина на кое е изложено, потребите за образование и здравствени услуги и заштита, потребите кои произлегуваат од растењето и транзицијата кон возрасна личност и други индивидуални потреби на детето.**

Основниот принцип според КПД е дека државите членки ќе гарантираат дека децата нема да бидат одвоени од своите родители, спротивно на нивната волја. Сепак, самата Конвенција води сметка за исклучителни ситуации во кои може да се најде едно дете и предвидува исклучок од овој основен принцип. Исклучокот се однесува на ситуациите кога надлежните органи, врз основа

1 Европска Комисија, Најдобриот интерес на детето (НИД). Достапно на https://home-affairs.ec.europa.eu/networks/european-migration-network-emn/emn-asylum-and-migration-glossary/glossary/best-interests-child-bic_en
2 ООН, Конвенција за правата на детето (КПД). Усвоена од Генералното собрание на ОН на 20 ноември 1989 година, стапи на сила во септември 1990 година.
3 Член 3 (1) од КПД
4 Член 3 (2) од КПД.

на претходно направена судска проценка, во согласност со соодветните закони и процедури, ќе одлучат дека таквото разделување е неопходно и е во најдобар интерес на детето. Таквата одлука може да биде неопходна доколку, на пример, родителите го малтретираат или го запоставуваат детето, или ако родителите живеат одвоено, па мора да се донесе одлука за местото на живеење на детето.[5] За Конвенцијата е значајно државите-членки, во ситуации кога детето е одвоено од еден родител, да го гарантираат правото на детето да одржува лични односи и директен контакт со двајцата родители на редовна основа. Повторно, Конвенцијата нагласува дека треба да се внимава тоа да не е спротивно на најдобрите интереси на детето.[6]

Неспорна е обврската која КПД ја наметнува на државите-членки да ги вложат своите најдобри напори за да го гарантираат принципот дека двата родители имаат заеднички одговорности во растењето и развојот на детето. Притоа, секогаш треба да внимаваат на најдобриот интерес на детето.[7] Имајќи го сето ова предвид, Конвенцијата продолжува со тоа што ги задолжува државите да ги преземат сите соодветни законодавни, административни, социјални и образовни мерки за да го заштитат детето од сите форми на физичко и психичко насилство, повреди или злоупотребување, запоставување или невнимание, малтретирање или експлоатација, вклучително и сексуална злоупотреба, додека за детето се грижат родителите, законските старатели или друго лице кому му е доверена грижата за детето.[8]

**Со сите овие одредби од Конвенцијата за правата на детето се внимава на неговиот најдобар интерес. Поконкретно, во одредени случаи, КПД прави исклучок од правилото дека детето не смее да се одвои од родителите, исклучок од правилото дека детето ќе одржува лични односи и директен контакт со родителот со кого не живее, доколку тоа е спротивно на неговиот најдобар интерес, и предвидува негова заштита од сите форми на насилство. Читани заедно овие одредби го штитат детето (и неговиот раст и развој) од ситуации кога тоа е жртва или сведок на семејно насилство.**

Кон оваа заштита се приклучува и Истанбулската конвенција (ИК)[9], која во Северна Македонија стапи на сила во 2018 година[10]. Клучен е нејзиниот член 31, според кој сите членки на Конвенцијата се обврзуваат да ги преземат потребните законодавни или други мерки, за да обезбедат дека при определување на старателството и правата на посети на децата, случаите на насилство опфатени со Конвенцијата се земени предвид.[11] Дополнително, ИК наметнува обврска државните да гарантираат дека спроведувањето на секое право на посета или на старателство не ги загрозува правата и безбедноста на жртвата или децата.[12]

Во тек е изработка на нов Граѓански законик на Република Северна Македонија, со посебен оддел за семејноправните односи, каде што се вметнува концептот на „заедничко родителство" по разводот на бракот. Најдобриот интерес на детето се споменува само кога судот одлучува за поединечно вршење на родителските одговорности, единствено во случај кога поради болест, отсуство или поради други оправдани причини другиот родител не може да ги врши родителските одговорности. Во одредбата не е изречно предвидено дека случаите на насилство ќе бидат земени предвид при одлучување за грижата на детето. Оттука вреди да се разгледа рамнотежата помеѓу вака предложеното законско решение за „заедничко родителство" и најдобриот интерес на детето. Овој извештај ќе го направи токму тоа.

5 Член 9 (1) од КПД
6 Член 9 (3) од КПД
7 Член 18 (1) од КПД.
8 Член 19 (1) од КПД.
9 Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (мај, 2011).
10 Закон за ратификација на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство. (декември, 2017). Службен весник на Република Македонија бр. 198/2017.
11 Член 31 (1) од ИК
12 Член 31 (2) од ИК

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИЗВЕШТАЈОТ

Извештајот цели да ги разгледа новопредложените решенија во македонското законодавство за воведување на концептот „заедничко родителство", низ призмата на најдобриот интерес на детето. Авторката на истражувањето тврди дека несоодветното дефинирање на концептот на „заедничко родителство" и правните празнини што може да произлезат од таквата ситуација може да водат до неправилна примена на идејата, што нема да ја оствари својата цел. Дополнително, во фокус на овој извештај е конфликтот што настанува помеѓу правото на најдобриот интерес на детето и заштита на неговата благосостојба и правото на родителот кој не живее со детето, на еднакво време поминато со детето.

***Истражувачко прашање:*** *<u>Дали предложеното законско решение за заедничко родителство како основна претпоставка е во најдобар интерес на детето?</u>*

За да одговори на поставеното истражувачко прашање, истражувањето настојува:

1) да ја анализира потребата од внесување на концептот „заедничко родителство" во македонското законодавство, низ призмата на најдобриот интерес на детето и

2) да даде преглед на примената на концептот на заедничко родителство преку анализа на искуства во други земји.

За таа цел, извештајот обезбедува:

- Преглед и анализа на концептот на „заедничко родителство" во домашното законодавство, преку разгледување на сегашниот Закон за семејството и работната верзија на Граѓанскиот законик во делот на семејноправните односи;

- Преглед и компаративна анализа на законодавства од регионот и од Европа, од каде што е преземен овој концепт;

- Преглед и анализа на практиките и искуствата на други држави со концептот на „заедничко родителство", мапирање на проблемите, предизвиците и предностите од неговата примена, преку интервјуа со невладини организации од земјите од регионот, кои работат со оваа проблематика;

- Преглед и анализа на најдобриот интерес на детето во контекст на заедничкото родителство по развод на бракот, односно, анализа на последиците врз развојот на детето кога родителскиот однос не е усогласен или кога детето е жртва на насилство во домот (директно или преку сведочење на насилство), преку интервјуа со невладини организации од земјите од регионот; и

- Заклучни согледувања и таргетирани препораки.

Прегледот се потпира на придонесот на претставнички на граѓански организации од регионот кои активно работат на заштита и спречување на родово базирано насилство, заедничко родителство и отуѓување, со кои беа направени интервјуа по однапред развиен прашалник, специфично подготвен за целите на истражувањето (види Анекс 1). Со свој придонес во истражувањето учествуваа:

- Наташа Шкрбиќ (Nataša Škrbić) – социолог, консултант за социјална политика со фокус на нејзините ефекти врз човековите права;

- Тања Игњатовиќ (Tanja Ignjatović) - психолог, работи во Автономен женски центар

(Autonomni ženski centar) на едукација, истражување, анализирање на јавни политики, застапување и индивидуално советување на жени жртви на насилство;

- Ана Пецотиќ (Ana Pecotić) – едукатор на Гешталт психотерапија, активистка во борбата против насилство врз жените и членка на инцијативата Спаси ме (Spasi me Inicijativa);

- Сандра Турквановиќ (Sandra Turkanović) – координаторка и советничка за правни прашања во СОС Ријека – центар за ненасилство и човекови права (SOS Rijeka – centar za nenasilje i ljudska prava).

Извештајот е сеопфатен и систематичен, изготвен преку вкрстување на податоци од официјални документи, постојна литература и примарни податоци добиени од спроведените интервјуа. Постојните податоци беа собрани и обработени преку деск-истражување, а како извори на податоци беа користени:

- Домашни и меѓународни правни извори и легислатива;
- Рамка на применети политики;
- Постојна академска литература;
- Граѓански организации;
- Извештаи на институции, меѓународни организации, итн.

За анализирање на податоците, беа применети квалитативниот метод за анализа на документи, пристапот на критичко читање, компаративниот правен метод и тематска анализа на примарни податоци.

**Првиот дел** на овој извештај дава преглед и анализа на концептот на „заедничко родителство" во домашното законодавство, преку разгледување на сегашниот Закон за семејството и работната верзија на Граѓанскиот законик во делот на семејноправните односи. Компаративната анализа на законодавствата и практиките во регионот и во Европа се предмет на разгледување во в**ториот дел**, кој, потпирајќи се на придонесот од интервјуираните учеснички, прикажува примери и искуства на две држави во регионот. Конечно, **на крајо**т се наоѓаат заклучните согледувања и таргетираните препораки кои неизбежно произлегоа од наодите на извештајот.

*Наодите на извештајот ќе бидат користени за аргументирање во процесот на изготвување на Граѓанскиот законик и во постапката за негово донесување (поставување на ЕНЕР, јавни расправи и консултации со експертска и стручна јавност).*

# МОМЕНТАЛНОТО И ПРЕДЛОЖЕНОТО РЕШЕНИЕ ВО МАКЕДОНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО

Текстот на Законот за семејството[13] кој е на сила, изобилува со одредби кои ја гарантираат еднаквоста на родителите кога станува збор за нивното родителско право. Па така, уште во воведните општи одредби, оваа еднаквост на родителското право е издигната на ниво на општо начело во семејните односи:

**Член 8**

Родителите спрема своите деца имаат **еднакви права и должности** (родителско право).

Односите на родителите и децата се засноваат на права и должности на родителите да се грижат за подигање, чување, воспитание и образование на своите деца и да ги развиваат нивните работни способности и навики.

**Родителското право го вршат родителите заедно** во согласност со потребите и интересите на децата и интересите на општествената заедница.

Понатаму и поконкретно, Законот предвидува дека:

**Член 45**

Родителското право им припаѓа на мајката и на таткото **подеднакво**.

Законот за семејството му посветува посебна глава на вршењето на родителското право. И овде, заедничкото и спогодбено вршење на родителското право е правило. Исклучокот се однесува на ситуации кога родителите не се согласуваат за начинот на вршење на родителското право:

**Член 76**

Родителското право родителите го вршат **заеднички и спогодбено**.

Во случај на несогласување на родителите во вршењето на родителското право решава центарот за социјална работа.

Доколку родителите не живеат заедно, Законот за семејството најпрво им дава простор заеднички и спогодбено да го утврдуват начинот на кој ќе се врши родителското право, и тоа во однос на тоа кај кого од нив детето ќе остане на чување и воспитување, и на кој начин родителот со кого детето не живее ќе одржува личните односи и непосредните контакти со детето. Оваа спогодба мора да биде постигната имајќи го предвид интересите на детето. Доколку родителите не успеат да се согласат за овие аспекти или доколку спогодбата е спротивна на интересите на детето, решение ќе донесе центарот за социјална работа:

**Член 78**

Во случаите кога родителите на детето не живеат заедно, тогаш **се**

13 Закон за семејството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15 и 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 53/21 и 199/23).

**спогодуваат** кај кого од нив детето ќе остане на чување и воспитание, а ако за тоа не можат да се спогодат или ако нивната спогодба не одговара на интересите на детето, решение за тоа ќе донесе центарот за социјални работи.

**Член 79**

Во случаите кога родителите на детето не живеат заедно тогаш **се спогодуваат** за начинот на одржување на личните односи и непосредните контакти со детето. Доколку родителите на детето во рок од најмногу два месеца не се согласат за начинот на одржување на личните односи и непосредни контакти со детето, центарот за социјална работа донесува решение за тоа.

При определување на личните односи и непосредните контакти на детето со родителот, центарот за социјална работа го информира детето и ги зема предвид неговите ставови и мислења во зависност од возраста и степен на развиток и го известува за можните последици од одлуките.

Доколку бракот се разведува, повторно предност има постигнатата спогодба меѓу родителите за чувањето, воспитанието и издржувањето на заедничките цели. Доколку родителите не успеат да се спогодат или постигнатата спогодба не е во интерес на децата, судот одлучува за начинот на вршење на родителското право, по претходно прибавено мислење од центарот за социјална работа. Судот може да одлучи да децата да останат кај еден родител, или некои да останат кај мајката, некои кај таткото, или пак, сите да бидат доверени на трето лице или установа:

**Член 80**

Со пресудата со која се разведува бракот судот ќе одлучи за чувањето, воспитанието и издржувањето на заедничките деца.

Ако родителите не се спогодиле за ова или ако нивната спогодба не одговара на интересите на децата, судот, откако ќе прибави мислење од центарот за социјална работа и ќе ги испита сите околности, ќе одлучи дали децата ќе останат на чување и воспитание кај еден родител или некои ќе останат кај мајката, а некои кај таткото или сите ќе бидат доверени на некое трето лице или установа.

**Сето ова значи дека и во моментов нашиот Закон за семејството го познава институтот „заедничко родителство“, односно, заеднички и спогодбеното носење на сите битни одлуки поврзани со чувањето воспитувањето на детето и неговите права и обврски.**

Сепак, заедничкото родителство е оставено на договор на родителите, онаму каде што може да се постигне спогодба меѓу нив, притоа секогаш внимавајќи спогодбата да е во најдобар интерес на детето.

Сепак, концептот на „заедничко родителство“ како единствена основа на вршењето на родителските одговорности е барање на бројни организации, декларирани како поборци за правата на децата.[14]

Во тек е изработка на нов Граѓански законик со посебен оддел за семејноправните односи, каде што се вметнува концептот на „заедничко родителство“ по разводот на бракот:

14 Фокус, Здружението на родители бара заедничко родителство по развод (март, 2024). Достапно на: https://fokus.mk/zdruzhenieto-na-roditeli-bara-zaednichko-roditelstvo-po-razvod/

***Заедничко вршење на родителските одговорности по разводот на бракот***

**Член 4:63**

*Родителите ги вршат родителските одговорности заеднички и спогодбено за времетраењето на бракот како и по разводот на бракот.*

*Заедничкото вршење на родителските одговорности подразбира заеднички и спогодбено, со заемна согласност да се носат сите битни одлуки поврзани со чувањето воспитувањето на детето и неговите права и обврски предвидени во овој Законик.*

*Заедничко вршење на родителските одговорности може да се определи спогодбено од страна на родителите во родителскиот план или да се определи со одлука на суд.*

Предложеното законско решение предвидува и поединечно вршење на родителските одговорности по разводот на бракот со одлука на судот, кога тоа е во најдобар интерес на детето, но само во случај кога поради болест, отсуство или поради други оправдани причини другиот родител не може да ги врши родителските одговорности:

***Поединечно вршење на родителските одговорности по разводот на бракот***

**Член 4:64**

*Доколку судот оцени дека тоа е во најдобар интерес на детето може да определи едниот родител по разводот на бракот сам да ги врши родителските одговорности во случај кога поради болест, отсуство или поради други оправдани причини другиот родител не може да ги врши родителските одговорности.*

*Во случај кога едниот родител сам ги врши родителските одговорности по разводот на бракот, другиот има обврска да плаќа издршка и да одржува лични односи и непосредни контакти со детето.*

**Исто како и моменталното законско решение, вака поставена предложената одредба пропушта да ја земе предвид обврската која за државата е предвидена со меѓународните стандарди – Законот да обезбеди дека при определување старателството и правата на посети на децата, случаите на насилство опфатени со Истанбулската конвенција се земени предвид.**

## ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЖРТВИТЕ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Ова нецелосно и неправилно дефинирање на „заедничкото" вршење на родителските одговорности, е на штета на една многу ранлива категорија – жртвите на семејно насилство. Значаен момент што го проблематизира концептот на „заедничко родителство", е тоа што за многу жени и девојки, насилството се засилува по разделбата, а контактот на родителот со детето станува место каде што се перпетуира насилство, и тоа што видувањето со децата може да биде користено од мажите насилници како начин за продолжување на контролата врз жените жртви на насилство.[15] Во Македонија, повеќе од две од пет жени кои некогаш имале партнер изјавиле дека се соочиле со психичко насилство од страна на сегашниот или поранешниот партнер. Една форма во која тоа насилство се случувало е и уценување на жената со нејзините деца или со злоупотребување на нејзините деца. Ова уценување се јавува во вид на закани дека насилникот ќе ѝ ги одземе децата, закани дека ќе ги повреди децата, ситуации кога насилникот ги повредува децата и закани кои се однесуваат на старателството врз нејзините деца (во случаи кога како насилници се јавуваат поранешни партнери).[16]

За новиот Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и домашното насилство, дете е жртва кога трпи директно насилство, кога е присутно на насилни односи помеѓу членовите на неговото семејство или кога живее во средина во која има насилни односи.[17] Во постапките за доверување на детето кај еден од родителите, центарот за социјална работа го зема предвид интересот на детето-жртва на семејно насилство.[18] Центарот за социјална работа може времено да ги ограничи или да ги забрани личните односи и непосредните контакти на детето со родителот со кого не живее заедно, во случај кога тоа е во интерес на детето-жртва на семејно насилство, но не повеќе од една година.[19]

Согласно Истанбулската конвенција во случаи на насилство врз жените или домашното насилство, заштитата и мерките на поддршка треба да ги третираат специфичните потреби на децата-жртви.[20] ИК зборува и за деца-сведоци на насилство и ги задолжува државите да ги преземат потребните законодавни и други мерки за да обезбедат дека при давањето услуги на заштита и поддршка на жртвите ќе се води сметка за правата и потребите на децата-сведоци на сите форми насилство.[21]

За време на посетата на ГРЕВИО[22] во Северна Македонија, државата воопшто не презентирала никаква судска пракса со која би се потврдило дека судиите во практиката внимаваат на семејното насилство кога одлучуваат за доделување на децата.[23] Отсуствуваат и какви било упатства кои јасно гарантираат дека насилството врз жените треба да бидат земени предвид од страна на судските или другите надлежни органи, при определувањето на правата на старателство и видувањата.[24]

Во одредени случаи центрите за социјална работа привремено го ограничувале или забранувале личниот однос и директниот контакт на детето со родителот со кој тоа не живее,

15 Види во Thiara R. and Harrison C., Safe not sorry: Key issues raised by research on child contact and domestic violence" (2016)
16 OSCE. OSCE-led Survey on Violence Against Women: North Macedonia - Results Report (мај, 2019). Достапно на: https://www.osce.org/secretariat/419264.
17 Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (Службен весник бр.24/2021 од 29.01.2021 година).
18 Член 47 став 2 од ЗСЗНЖСН.
19 Член 20 од ЗСЗНЖСН.
20 Член 18 од ИК.
21 Член 26 од ИК.
22 Група експерти надлежна за надзор на имплементирањето на Истанбулската конвенција.
23 GREVIO - Baseline Evaluation Report North Macedonia (септември, 2023). Достапно на: https://rm.coe.int/baseline-evaluation-report-on-north-macedonia/1680ac76ab
24 Ибид

онаму каде што тоа е во најдобар интерес на детето, но сè додека постои ризик и последици од насилството. Сепак, ова начело на „најдобар интерес на детето“ е применувано неконзистентно, па се појавувале и случаи каде што старателството му се доделува на таткото поради неговата финансиска состојба и покрај тоа што е насилник.[25] Во друг случај, поради незнаење и несензибилизираност на вработените во центарот за социјална работа, упатиле жена и нејзиното десетгодишно дете на советување за подобрување на односот со таткото и покрај тоа што бил кривично осуден за насилство врз детето.[26]

Ситуацијата е слична ширум светот. Последиците од семејното насилство и неговите ефекти врз децата се погрешно разбрани и потценувани од судиите, кои имаат тенденција да даваат приоритет и да одобруваат контакт со татковците. Притоа, судиите не ја извршуваат својата должност да ги заштитат децата, давајќи им на татковците насилници пристап до нивните деца без надзор, вклучително и во случаи кога судиите утврдиле дека се случило физичко и/или сексуално насилство.[27] Истражувањата покажуваат дека во 27 од 31 држава (87 %), жените што преживеале насилство често добиваат неповолен третман во постапките за старателство.[28] Во многу држави насилството само теоретски се разгледува во постапките за старателство, а често се занемарува во реалноста.[29]

Во социјалните служби и во судовите сè уште преовладува ставот дека сопруг со историја на насилство, сепак може да биде компетентен татко. На правото на таткото на видување му се дава приоритет, дури и за сметка на безбедноста на жената и детето. Во некои случаи, мајките се сметаат ѝ за одговорни ако не можат да го заштитат детето од насилството кон нив. Загрижувачки се и предрасудите за жените кои зборуваат за насилството во постапките за старателство или видување. Овие жртви се стигматизирани како родители кои не соработуваат и, парадоксално, се категоризирани како „неспособни родители“. Иако оние кои ја стигматизираат жената тврдат дека присилното видување го гарантира правото на детето на двајца родители, тоа може да биде исклучително опасно во случаи на домашно насилство.[30]

Еден аспект кој често се занемарува од поборниците за воведување на концептот на заедничко родителство како основна претпоставка, е психолошкото влијание на присилното видување во случаи на семејно насилство, врз децата. Децата кои се принудени на видување со насилен родител често доживуваат анксиозност, депресија и страв и може да доведе до долготрајна емоционална траума. Присилното видување може да предизвика чувство на беспомошност кај нив. Присилувањето на децата да имаат контакт со насилнички родител може да ги изложи на постојана емоционална и физичка штета бидејќи сведочењето или искусувањето на злоупотреба може да доведе до долготрајна психолошка траума, анксиозност и депресија. Кога родителите насилници добиваат право на видување без соодветни заштитни мерки, тоа на децата им испраќа порака дека насилното однесување се толерира, па дури и се одобрува.[31]

25 Ибид.
26 Ибид.
27 United Nations Special Rappourteur on violence against women and girls, Custody report (2023) Достапно на: https://www.ohchr.org/en/documents/thematic-reports/ahrc5336-custody-violence-against-women-and-violence-against-children
28 European Women’s Lobby Towards a Europe Free from Male Violence Against Women and Girls’ Recommendations from the European Women’s Lobby to end violence against women and girls in Europe once and for all (2020). Достапно на: https://www.womenlobby.org/Towards-a-Europe-free-from-male-violence-against-women-and-girls.
29 Ibid.
30 Women Against Violence Europe – WAVE. Safety as the best interest of the child - Toolkit for victim-friendly judicial practice in child custody, contact and visitation matters (2023). Достапно на: https://wave-network.org/wp-content/uploads/WAVE_ToolkitChild_EN_231208_web.pdf.
31 Ибид, стр.19.

Насилните татковци кои се соочуваат со пријави за насилството, често прибегнуваат кон отуѓување како одбранбена стратегија. Отуѓувањето (parental alienation) не е научно и емпириски признат концепт, и нема прифатена дефиниција. Во неговата основа се наоѓа тврдењето дека едниот родител го отуѓува детето од другиот. Отуѓувањето често се користи против мајки, кога тие се жртви на семејно насилство и се спротивставуваат на контакти на насилникот со детето. Од 75% до 100% од случаите на насилство од интимен партнер за време на бракоразводна постапка вклучувале тврдења на сторителот за отуѓување. Насилниците на овој начин се обидуваат да го одвратат вниманието од своето однесување и лажно да го поистоветат со постапките на жената која преживеала насилство. Злоупотребувањето на отуѓувањето како концепт има сериозни последици за жените жртви на семејно насилство, затоа што кај нив го става товарот на докажување и често доведува до долготрајни процедури, што пак, дополнително ги трауматизира децата. Во одредени случаи, резултира и со одземање на старателството од жртвата на насилството и доделување на таткото насилник, ставајќи ја под ризик безбедноста на децата.[32]

Оттука, имајќи го ова предвид неопходно е да се разгледа дали заедничкото родителство како основна претпоставка е во најдобар интерес на детето. Ова неизбежно можеме да го направиме единствено преку разгледување и анализирање на практиките на другите земји каде што овој концепт веќе се применува и има свои последици.



32 Ибид, стр.22.

# ПРАКТИКИ ОД ДРУГИ ЗЕМЈИ

Оваа идеја произлегува од слични законски решенија во други земји. **Во Австрија**, Граѓанскиот законик претпоставува дека родителите во принцип се согласуваат во одлучувањето за детето, кога го вршат заедничкото старателство. Сепак, австрискиот закон зборува само за единствено правно застапување, што значи дека секој родител може да дејствува сам во име на детето и правните дејствија се ефективни дури и кога другиот родител не се согласува со нив. Постојат одредени ситуации во кои е неопходна согласност од двајцата родители, како на пример, промена на името, стекнување на државјанство, признавање на татковство. Ситуации поврзани со имотот, не само што бараат согласност од двајцата родители, туку и одобрување од судот.

Австрискиот Граѓански законик ги наведува аспектите што треба да се земат предвид при одлучувањето за најдобриот интерес на детето.[33] Меѓу нив е и поимот „намалување на ризикот детето да претрпи насилство или да биде сведок на насилство нанесено врз блиски луѓе". Уште еден аспект важен при одлучувањето е „обезбедување контакт со двајцата родители за да се изгради стабилен однос". Помеѓу овие два (понекогаш и спротивставени) аспекти треба да се воспостави рамнотежа. Сепак, тие претставуваат солидна основа за да се превенира давање старателство на насилни родители и за ограничување на видувањата со насилниот родител.[34] Во пракса оваа одредба ретко е препознаена од семејните судии, па се појавуваат и случаи каде што воопшто не биле земени предвид мерки за заштита од насилството кои биле на сила во моментот на одлучување за видувањата.[35] За да им се помогне на семејните судии да донесат соодветни одлуки во случаите на старателство, група професионалци (социјални работници, психолози и педагози) им се достапни на семејните судии како дел од новиот институт наречен „поддршка на семејните судови" (family court assistance). Овој институт цели да им помогне на судиите за да се постигне спогодба за старателството, да се проценат одредени аспекти кои би имале влијание врз одлуката, како и да се подготви мислење засновано на најдобриот интерес на детето кое ќе биде во основата на судската одлука.[36]

**Во Шпанија**, заедничкото родителство се воведува во 2005 година, во случаи кога тоа го бараат двајцата родители или, во исклучителни ситуации, кога тоа го бара едниот родител. За да се имплементира овој институт, потребно е да бидат исполнети два услови: да постои позитивен извештај од обвинителството и тоа да е единствен начин на кој соодветно ќе бидат заштитени најдобрите интереси на детето.[37] За шпанското општество ова отворило доста контроверзни дебати, затоа што институтот отвора многу сиви зони. Едно контроверзно гледиште е фаворизирање на заедничкото родителство дури и кога има конфликт помеѓу поранешните партнери, со аргументи дека на тој начин се зајакнува родителската одговорност и се продолжува врската меѓу двајцата родители, дури и по разводот. Друго спротивно гледиште е дека судот не треба, по правило, да одлучува за заедничко родителство, туку тоа да го прави разгледувајќи го секој случај индивидуално, поради инциденцата на непријавени случаи на родово базирано насилство (РБН).[38] Во Шпанија, 65% од случаите на РБН се непријавени, што значи, тие се невидливи за семејните судови каде што се одлучува за старателството.[39] Други студии покажуваат дека судовите не обезбедуваат речиси никаква заштита за децата кога нивните мајки ќе пријават родово базирано насилство. Само во 9,1% од случаите децата добиваат некаква заштита. 96%

---

33 Член 138 од Граѓански законик на Австрија. Достапно на: https://www.trans-lex.org/602100/_/austrian-civil-code/.
34 GREVIO's baseline evaluation report on Austria (2017). п.133. Достапно на: https://rm.coe.int/grevio-report-austria-1st-evaluation/1680759619.
35 Ибид, п.134
36 Ибид, п.136
37 Член 92.8 од Граѓанскиот законик на Шпанија. Достапно на: https://www.mjusticia.gob.es/es/AreaTematica/DocumentacionPublicaciones/Documents/Spanish_Civil_Code_(Codigo_Civil_Espanol).PDF.
38 Jabbaz Ch, Marcela Custody and Care of Children in Spain: Can the Two Rights be Reconciled? (2021). Достапно на: https://link.springer.com/article/10.1007/s10691-021-09466-2.
39 Ибид, стр.10.

од децата биле присутни кога нивната мајка била нападната од нивниот татко, што значи дека насилството било дел од нивното секојдневие. 30% биле сведоци на тепање, клоцање, влечење за коса, туркање или виделе како таткото ја фаќа мајката за грло, а 96% биле сведоци на навреди, понижувања, смртни закани, кршење предмети и закани, како и сведочење на страдањето низ кое поминува нивната мајка. Во 36% од случаите, децата директно претрпеле насилство.[40]

Дури во 2015 година, со донесување на Законот 26/2015 за измени на системот за заштита на децата и адолесцентите, децата се вклучени како директни жртви на родово базираното насилство и се воспоставува нивното право да бидат информирани, а нивното мислење да биде земено предвид. Сепак, ова решение не се применува доволно во пракса.[41] Во 2013 година, Врховниот суд на Шпанија го поставува заедничкото родителство како императив и наведува дека тоа треба да се смета како нормално и пожелно, затоа што им овозможува на децата да имаат ефективен однос со двајцата родители, дури и во конфликтни ситуации.[42]

Во 2009, заедничкото родителство било застапено во 9,6% од вкупниот број судски одлуки за старателство и видување. За 10 години, овој број се зголемил на 30%. Просекот на исклучиво доделување на старателството кај мајката паднало од 84% во 2009, на 64% во 2017 година, додека доделувањето на старателството кај таткото останало константно за целиот тој период – околу 5%.[43] Според истражувањата, по правило, откако ќе се разведат, татковците не го менуваат суштински своето учество во грижата за своите деца, што значи дека зголемувањето на примената на заедничкото старателство не е последица на промена во родовите улоги. Дополнително, кога во одреден случај постои непријавено родово базирано насилство, одлуката на судот не ги смирува односите, туку конфликтот, принудата и заканите продолжуваат преку други канали. Насилникот, за да врати дел од статусот изгубен по разводот, го користи институтот заедничко родилтество за да ја доведе во прашање контролата на мајката врз секојдневните одлуки поврзани со нивните деца, како што се училишни активности, забави, распореди, посети на лекар, и др.[44]

Отсуството на општествен консензус за тоа како најдобро да се заштитат најдобрите интереси на детето не беше пречка за промовирање на заедничкото родителство во Шпанија. Сепак, податоците го покажуваат неговиот брз напредок, но без значајна корелација во однос на заедничката родителска одговорност за грижа на децата. Не само што не се постигнала целта за одржување „мирни“ односи меѓу родителите и за чување на благосостојбата на детето, напротив, тоа оди спротивно на најдобриот интерес на детето.

Во Австралија по една жена е убиена на секои четири часа.[45] Овој алармантен податок укажува на тоа дека од суштинско значење е да не се занемари семејното право и неговиот систем кога се разговара за родово базираното и семејното насилство. По речиси 10 години, во мај 2024 година во Австралија стапија на сила значајните измени во Законот за семејно право, вклучително и укинувањето на спорната претпоставка воведена во 2006 година. Оваа претпоставка наведува дека „еднакво поделената родителска одговорност“ е во најдобар интерес на децата.[46]

Измените во 2006 година беа резултат на залагањето на групите за правата на татковците. Податоците покажаа дека одлуки за еднакво поделена родителска одговорност честопати се носеле дури и кога имало сериозни наводи за семејно насилство.[47] Со измените на Законот

40 Ибид, стр.12.
41 Ибид.
42 Одлука 495/2013 на Врховниот суд на Шпанија. Достапно на: https://bj.scjn.gob.mx/doc/sentencias_pub/ozEF3ngB_UqKst8o_n4J/%22Historia%20de%20M%C3%A9xico%22
43 Jabbaz Ch, Marcela Custody and Care of Children in Spain: Can the Two Rights be Reconciled?
44 Ибид.
45 Guardian. Almost 30% spike in rate of Australian women killed by intimate partner last year, data shows (2024). Достапно на: https://www.theguardian.com/australia-news/2024/apr/29/30-spike-in-rate-of-australian-women-killed-by-intimate-partner-last-year-data-shows.
46 Guardian. What are Australia's family law reforms, and how will they help women and children fleeing violence? (2024) Достапно на: https://www.theguardian.com/commentisfree/article/2024/may/06/australia-family-law-act-reforms-children-fleeing-violence.
47 Australian Government. Australian Institute of Family Studies. Evaluation of the 2006 family law reforms (2009). Достапно на: https://aifs.gov.au/sites/default/files/publication-documents/evaluationreport_0.pdf.

за семејно право од 2023 година, исто така, се отстранува и делот за еднакво, суштинско и значајно време и се поедноставува листата на фактори кои треба да бидат земени предвид при одредувањето на најдобриот интерес на детето. Новите фактори се однесуваат на безбедноста на детето и безбедноста на другите одговорни за неговата грижа, гледиштата на детето, неговите развојни, психолошки, емоционални и културни потреби, капацитетот на секој родител да ги задоволи овие потреби и корист за детето од однос со секој родител. Во однос на безбедноста, судот мора да ја земе предвид секоја историја на семејно насилство, злоупотреба или занемарување.[48]

## СЛУЧАЈОТ НА ХРВАТСКА

Во Хрватска, заедничкото родителство е дел од Законот за семејството уште од 2015 година, кое според граѓански активисти кои работат долго време во областа, се покажува како крајно проблематичен концепт во контекст на родово базираното насилство врз жените и во контекст на одлуките на судовите и управните органи за старателство и контакт со деца во бракоразводна постапка. За граѓанските активистки од Хрватска, принципот на заштита на најдобрите интереси на детето треба да биде во фокусот кога се отвораат дискусии за „вистинска заедничка родителска грижа", која единствено претпоставува еднакво родителско време поминато со детето и подеднакво влијание врз сите одлуки кои се однесуваат на децата и по разводот.

Заедничката родителска грижа/одговорноста на поранешните партнери во хрватскиот Закон за семејството[49] е основна претпоставка. Може да постои старателство кај еден родител или заедничко старателство врз основа на договорен план за родителство пред да се разведе бракот, и тој план треба да е одобрен од судот. Доколку не се постигне согласност со поранешниот партнер или жената се спротивстави на заедничката родителска одговорност, тогаш неизбежни се серија интервенции за заштита на децата без крај и долги судски битки. За родителите кои не можат да се договорат за планот за родителство (такви случаи се застапени со околу 20 до 30%), негативните последици се големи. Нивните животи се под постојано внимание на вештаците, центрите за социјална работа и судиите. Позадината зад ова законско решение е развојот на семејната правна теорија „доктрина на ранливи години" каде што мајката се смета за давател на примарна нега во раното детство, па сè до родово неутрално семејно право каде што родителите се подеднакво способни да се грижат за децата. Иако во теорија, законот е прогресивен, сепак општеството заостанува зад тој стремеж. Хрватска е на дното во Европа во однос на подеднакво споделена грижа за децата под 11-годишна возраст, што значи дека постои огромна разлика помеѓу стремежот за такво законодавство и општествената реалност.

Во 2023 година, Законот за семејство бил изменет со скромни промени.[50] Законот, од 2023 година наваму изречно предвидува дека во постапките за старателство, судот мора да внимава на претходно насилство. Во законот сè уште постојат спротивставени правила, како на пример, тоа за активно промовирање контакт со другиот родител. Доколку родителот не промовира контакт на детето со другиот родител, судот ќе цени кој родител е попријателски настроен. Уште една спорна одредба е онаа за задолжителна медијација пред разводот, спротивна на стандардите воспоставени со Истанбулската конвенција.

Според законот, без разлика на контекстот во семејството со малолетни деца, и двајцата родители треба да имаат значителен контакт со децата по разводот. Ова може да се ограничи само доколку се докаже дека тоа не е во најдобар интерес на детето. Но, и овој најдобар интерес

48 Guardian. What are Australia's family law reforms, and how will they help women and children fleeing violence? (2024).
49 Закон за семејството (Obiteljski zakon pročišćeni tekst NN 103/15, 98/19, 47/20, 49/23, 156/23), на сила од 31.12.2023 година. Достапно на: https://www.zakon.hr/z/88/Obiteljski-zakon.
50 Според интервјуираните учеснички, премиерот Андреј Пленковиќ ги повикал женските невладини организации на состанок во Владата и презентирал став дека треба да престане да се применува и да се забрани отуѓувањето (интервју со учесничка).

на детето се игнорира, што доведува до случаи каде што иако поранешниот партнер се обидел да изврши убиство (фемицид), мајката била принудена да ги носи децата во затвор. Децата биле сведоци на насилство и биле малтретирани, но тоа за надлежните органи не значело дека таткото не е доволно добар за да одржува контакт со нив.

Во друг случај мајка на дете со попреченост била напуштена од таткото, кој не плаќал издршка и не сакал да има ништо со поранешната сопруга и детето (бидејќи му било премногу да се занимава со дете со попреченост). Согласно семејното право на Хрватска, мајката била принудена да ги носи децата во центарот за социјална работа секоја недела, за да го гледаат таткото, иако тој никогаш не доаѓал. Но, нејзина обврска според законот е „да промовира и поттикнува контакт со другиот родител". Така, оваа мајка, како и многу други жени со трауми предизвикани од насилство, треба активно да промовираат контакт со татковците насилници. И не само тоа, во ваков случај системот пропушта да разгледа и тоа колкав товар ѝ претставува на мајката која сама се грижи за дете со попреченост, секоја недела да успее да најде транспорт, пари и психичка смиреност и да чека родител кој никогаш не е присутен, додека нејзиното дете може да се почувствува отфрлено и дека не е сакано, наместо да го поминува времето во квалитетни активности за нејзиниот/неговиот развој.

Децата кои одбивале да остваруваат контакт и видувања со насилен, или емоционално дистанциран татко кој ги запоставувал, сепак биле принудени да ги одржат видувањата. Во одредени случаи, кога мајката не можела да го присили детето да го види таткото или се грижела дека контактот ќе му наштети на детето, судот одлучил дека таа мора да му обезбеди контакт на таткото со децата. Во спротивно, мајката ќе се соочи со тужба, па дури и со казна затвор според Кривичниот закон затоа што дејствува против благосостојбата на детето. Најчесто, мајката во таков случај е обвинувана дека е манипулативна и дека го отуѓува детето, доколку активно не промовира контакт на детето со таткото, што според една од интервјуираните учеснички, се должи на наративот на борците за машки права. Најповиканиот орган за давање стручни мислења во случаи на старателство на деца, Поликлиниката за заштита на децата на град Загреб го користел поимот „синдром на родителско отуѓување". Во октомври 2021 година, Министерството за здравство извршило увид во работата на поликлиниката, но не констатирало никакви недостатоци.[51]

Многу мајки кои се наоѓаат во ваква ситуација се чувствуваат деградирани, понижени и трауматизирани. Децата се изложени на судски спорови, под стрес и под надзор на многу луѓе кои никогаш претходно не се сретнале. Последиците од овие политики се такви што, пред сè, насилниците може и да добијат старателство над децата, имаат контакт без надзор со децата, што значи дека продолжуваат да ги злоупотребуваат децата, продолжуваат да ги злоупотребуваат жените преку системот и преку бескрајни тужби. Исходот е дека дури и кога жената физички се оддалечува од насилникот, тој продолжува да врши насилство врз неа и врз децата, односно, станува збор за присилна контрола.

Во Хрватска имало случај кога на насилник кој има неколку казни, му било дозволено да ја посети поранешната сопруга и да контактира со своето дете од тој брак. Во јануари 2023 година, еден ден дошол и се обидел да ја убие сопругата и тешко ја повредил, а го убил нејзиното бебе (од друг партнер) во нејзините раце. По ова, таа била во индуцирана кома. Сето ова доведува до заклучок дека не постои соодветна проценка на ризикот, ниту управување со ризикот со исклучително опасни сторители на насилство. Во тој случај за учесничката во едно интервјуата, видливи биле 14 маркери за ризик.

Постојат загрижувачки податоци дека во некои случаи судовите наредиле контакт помеѓу детето и таткото да се оствари во шелтер за жртви на семејно насилство каде што престојувале мајката и детето, загрозувајќи ја безбедноста не само на жртвата, туку и на другите сместени

51 GREVIO Baseline Evaluation Report, Croatia (септември, 2023). п.181. Достапно на: https://rm.coe.int/baseline-evaluation-report-on-croatia/1680ac76c9.

лица и на професионалците кои работат таму.[52]

Во друг случај, една жена го оставила сопругот против кој се води кривична постапка за три кривични дела (долгогодишно насилство, закана со смрт и повреда на правата на детето). Врз основа на тоа, на таткото му било забрането да ѝ се приближува и да контактира со мајката, но овие мерки не се однесувале и на децата. Така, уште еднаш се потврдува наративот кој го повлекува заедничкото родителство – дека ако родителот бил насилен кон мајката, не бил насилен кон децата. Во случајов, проблемот се јавил поради тоа што децата живеат со мајката, па требало да се одреди како тие ќе го гледаат таткото. Центарот за социјална работа изрекол мерка со која се одредува дека секоја недела во нивниот дом ќе доаѓа човек за да ги надгледува односите на тоа семејство, за да „забраната за пристап и контакт со мајката да не влијае негативно на односот помеѓу таткото и синовите".

Чести се и случаите каде што жената сака да го промени живеалиштето на детето, но за тоа е потребна согласност од таткото, кој не сака да ја даде. Постои можност, таквата согласност да ја даде центарот за социјална работа, доколку таквата промена не би го оневозможила значително видувањето на детето со таткото. Сепак, поради невоедначеност на праксата, многу центри не ја даваат согласноста. Во таков случај, здруженијата за правна помош се соочуваат со ситуации каде што мора да ги советуваат жените да бараат судот да им додели единствено родителство за одредени животно-практични прашања, како промена на живеалиштето. Но, во ваков случај проблемот настанува кога жената се наоѓа во шелтер центар на друго место, затоа што многу малку остануваат баш во истиот град од кој потекнуваат.

Во 2021 година, Министерството за труд, пензиски систем, семејство и социјална политика издаде упатство до центрите за социјална работа, за заштита на жртвите на семејно насилство, кое го појаснува толкувањето на „изложеност на насилство". Во случаите на семејно насилство, упатствата експлицитно признаваат дека изложеноста на детето на семејно насилство, дури и ако тоа не е директна жртва, е форма на психичко насилство со значително влијание врз неговиот психосоцијален развој.[53] И покрај ова, судовите не ги земаат систематски предвид инцидентите на насилство кога одлучуваат за правата за контакт.[54]

## СЛУЧАЈОТ НА СРБИЈА

Според Семејниот законик на Србија, детето има право да живее и да го чуваат неговите родители. Меѓутоа, судот може да донесе одлука за одвојување на детето од родителите во случаи кога за тоа има основа и во случаи на семејно насилство. Судот може да го ограничи правото на детето да одржува личен однос со родителот со кој детето не живее, ако тоа е во најдобар интерес на детето, ако постојат причини да се лиши овој родител од родителските права или целосно или делумно, или во случаи на семејно насилство. Според Семејниот законик, судот може да изрече една или повеќе заштитни мерки против семејно насилство и да нареди нови мерки, доколку тие се неопходни за обезбедување на безбедноста на жртвата и нивните деца. Ова може да вклучи и наредба за контакт во Центрите за социјална заштита, под надзор на професионалци, каде што безбедноста на жртвата бара да нема контакт помеѓу неа и сторителот. Сепак, Семејниот законик не прецизира дали семејното насилство во овој контекст вклучува насилство врз дете или дали е ограничено на насилство врз возрасно лице.[55]

Во пракса, судовите во голема мера се потпираат на проценките дадени од центрите за социјална работа и ретко се обидуваат самите да го истражат насилството. Онаму каде што

52 Ибид, п.183.
53 Ибид. п.180.
54 Ибид, п.181.
55 GREVIO Baseline Evaluation Report on Serbia (јануари, 2020). Достапно на: https://www.coe.int/en/web/istanbul-convention/-/grevio-publishes-its-first-baseline-report-on-serbia.

центрите за социјална работа советуваат да не се остварува контакт, судовите сепак може да наредат контакт и покрај препораките на центарот. Надгледуваниот и ненадгледуваниот контакт често е исход во случаите кои вклучуваат насилство, бидејќи формите на насилство како што е присилната контрола и нејзиното продолжување преку контактот со децата, остануваат непрепознаени од социјалните работници и/или судиите. Иако видувањата под надзор постојат како привремена мерка која треба да се користи во случаи кои вклучуваат насилство, тоа е одредено само во одреден број случаи. Спротивно на тоа, можноста за одземање на родителските права во такви случаи ретко се користи, речиси никогаш. Ова укажува на недостаток на разбирање меѓу клучните професионалци во однос на семејното насилство и неговото влијание врз децата. Подеднакво алармантна е практиката на одземање на децата од нивните мајки во случаи на семејно насилство. Според надлежните органи, ова е спроведено само во исклучителни ситуации кога сметале дека мајките немаат родителска способност или каде што безбедно сместување било достапно само за мајките, а децата биле привремено сместени во центри за згрижување.[56]

Слично како во Македонија, и во Србија во моментов е во тек подготовка на нов Закон за семејството, каде што треба да биде вметнат концептот на заедничко родителство. Активистките за женски права ќе се борат тоа заедничко родителство во никој случај да не е основната, појдовна претпоставка кога ќе се разведе бракот. Во моментов, во српскиот семеен закон постои заедничкото вршење на родителското право, кое е заедничко и спогодбено. Доколку родителите не живеат заедно, составуваат спогодба за вршењето на родителското право, која треба да ја одобри судот доколку не е спротивна на најдобриот интерес на детето. Во овој случај, се претпоставува дека судот ќе испитува што се случувало пред разводот на бракот, односно дали имало насилство, за да го утврди најдобриот интерес на детето.

Она што се случува во Србија е тоа што родителите прво го даваат планот на центарот за социјална работа, кој без многу испитување потврдува дека договорот е во најдобар интерес на детето. Често се случува и жртви на насилство да постигнуваат ваков договор за да избегнат судски спор за доделување на старателството над децата. Проблемот кој се јавува, според интервјуираните учеснички, е дека не постојат насоки за тоа што ќе регулира тој договор, односно, дали се регулира суштината на родителскиот однос или само местото каде што живее детето, дали детето ќе живее со еден родител, на пример.

Постојат спогодби кои договараат дека детето ќе живее со мајката, или во договор со мајката и таткото, или со мајката седум дена и две недели со таткото, или со мајката од понеделник до четврток, а со таткото од четврток до понеделник. Сепак сето ова значи дека родителите треба постојано да се договорат, што подразбира тие да бидат флексибилни и да бидат добронамерни, да се почитуваат и да не бидат манипулативни. Ова всушност подразбира сè што не постои во случаите на насилство. Кога жената се разведува, таа го прави тоа затоа што сака насилството да престане. Многу е веројатно, доколку таткото вршел насилство за време на бракот, по разводот да почне да ја контролира мајката преку децата и да продолжи со насилството и врз неа и врз децата.

Слично како и во Хрватска, во пракса центрите и судовите целосно го игнорираат семејното насилство доколку децата не се директни жртви. Дури и кога децата биле директни жртви, ако тоа не било тешко физичко насилство или докажано сексуално насилство, тогаш исто така се очекува дека по одреден период на надзор, децата повторно имаат послободен контакт со таткото насилник. Проблемот е тоа што судот не го зема предвид насилството и можноста насилниот партнер, кој е склон да контролира, да манипулира со децата по разводот и да ги користи децата за малтретирање.

Уште еден проблем се јавува кога страната која не сака рамноправно родителство, треба да докаже дека тоа е во најдобар интерес на детето. Ова би ја префрлило одговорноста на сите жртви на насилство да докажуваат дека се жртви и не само тоа, туку и дека насилството е

56 Ибид, п.167 – 171.

штетно за децата. Во случаи кога жртвата не успева да го докаже психичкото насилство, а тоа е многу тешко, судот има право да му го додели старателството на другиот родител кој предложил заедничко родителство. Така, судот му доделува независно старателство на тој родител насилник. Само 9% од жените го пријавуваат партнерот за сторено насилство, додека живееле заедно, а 5% од жените кога раскинале или кога престанале да живеат заедно, што потврдува дека всушност, од една страна, насилството не престанало. Секоја четврта жена по разводот или напуштањето на нејзиниот партнер претрпела насилство.[57]



57 OSCE OSCE-led Survey on Violence Against Women: Serbia (2019). Достапно на: https://www.osce.org/secretariat/419750.

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Во идеален свет, заедничкото родителство би било посакуваното решение бидејќи гарантира дека двајцата родители се директно вклучени во грижата за нивните деца. Сепак, ова често не е реалноста во многу случаи на развод, каде споровите за старателство се јавуваат во услови на значително нарушени односи. Вистинските околности на многу мајки и татковци се карактеризираат со високи нивоа на несогласувања, што им отежнува да ги решат меѓусебните конфликти без прибегнување кон правни битки. Децата најчесто се наоѓаат во средината на обвинувања и омраза или се соочуваат со агресија од едниот родител, додека другиот држи разумен став. Разводот ретко кога ја прекинува врската помеѓу поранешните партнери кога се вклучени деца, а достапните податоци ни покажуваат дека насилството може да продолжи преку стратешка употреба на родителството.

Едно е јасно, заедничко родителство не треба да се доделува во случаи на насилство. Постојаниот стрес влијае и на детето и на родителот кој е жртва, а ефикасното намалување на конфликтот честопати не е изводливо. За да се заштитат правата и безбедноста на жртвите, видувањата со родителот насилник не треба да бидат дозволени, во најмала рака треба да бидат ограничени. Сѐ додека постои ризик од насилство врз мајката и/или детето, или сѐ додека трае силен психолошки стрес, детето не треба да има контакт со сторителот, дури и ако е под надзор. Најмалку што може да направи родителот насилник е да се воздржи од насилство и да учествува во советување или социјална обука пред да се разгледа каков било контакт, под услов да не се идентификува понатамошен ризик од насилство. Важноста на контактот не треба да се преценува, особено кога има насилство, а потребите за грижа на децата треба да имаат приоритет. Дополнително, кога е присутно семејното насилство, ситуацијата бара повеќе од едноставна судска одлука. Институционалната поддршка мора да биде сеопфатна, нудејќи им на децата правни информации и психолошка поддршка. Судовите не треба да ги принудуваат децата да одржуваат контакт со родител спротивно на нивната волја, без да ги разберат причините за нивното одбивање. **Иако најдобриот интерес на детето е принцип издигнат на највисоко ниво во бројни меѓународни стандарди, на чело со Конвенцијата за правата на детето, се чини дека во нашата домашна судска пракса, како и во земјите од регионот, судовите го ставаат правото на родителот над правото на детето.**

Од клучно значење е да се признае дека формалната еднаквост во семејното право можеби нема да ги земе предвид различните искуства на жените, мажите и децата за време на одвојувањето, но дефинитивно не препознава дека насилството врз жените е манифестација на историски нееднаквите односи на моќ меѓу жените и мажите, што довеле до доминација и дискриминација врз жените од страна на мажите и до спречување на целосното напредување на жените.

# ПРЕПОРАКИ

- Да се спроведе широка експертска дебата на ниво на целата држава со вклучување на сите општествени чинители и да се постигне општествен консензус пред воведувањето на ваква измена во Граѓанскиот законик во делот на родителските права и одговорности;
- Пред воведување на каква било одредба да се спроведе широка компаративна анализа со цел согледување на практиките од другите земји што произлегуваат од имплементацијата на заедничкото родителство;
- Заедничкото родителство во никој случај да не е основна претпоставка за вршење на родителското право во новиот Граѓански законик, тоа да е можност за која може да спогодат родителите;
- Детално дефинирање на заедничкото родителство и сите негови аспекти, со посебен фокус и изречно спомнување на најдобриот интерес на детето во текстот на законот;
- Најдобриот интерес на детето да се прецизира со законските одредби така што ќе подразбира дека надлежните органи вршат негова постојана проценка, во секој конкретен случај. Изречно да се предвиди дека проценката на најдобриот интерес на детето ќе значи разгледување на индивидуалните погледи и барања на детето, неговата возраст, полот, личната и семејната историја, семејната околина и лични односи, ризиците со кои се соочува детето, благосостојбата на детето, социјалната околина на кое е изложено, потребите за образование и здравствени услуги и заштита, потребите кои произлегуваат од растењето и транзицијата кон возрасна личност и други индивидуални потреби на детето;
- Новото законско решение изречно да предвидува дека случаите на насилство ќе бидат земени предвид од надлежните органи и судовите во постапките за старателството, вклучително и насилството од едниот родител врз другиот каде што детето е жртва затоа што сведочело на насилството;
- Новото законско решение изречно да предвидува дека концептот на заедничко родителство не може да се применува во случаи на родово базирано насилство и семејно насилство, без разлика дали против сторителот се води постапка за сторено кривично дело;
- Да се воспостави проценка на ризикот и процедури за менаџирање на ризикот во ситуации на одредување на старателството и видувањата, со цел да се ограничат овие права тогаш кога тоа е потребно за да се гарантира безбедноста на мајката и најдобриот интерес на детето, со задолжително пополнување на соодветни формулари со ризик маркери;
- Подобрување на соработката со сите релевантни тела, вклучително, но не ограничувајќи се на здравствените и образовните власти и специјализираните служби за поддршка на жените, со цел по секоја пријава за насилство да биде соодветно постапено;
- Да се формира експертско тело, по примерот на Австрија, составено од психолози, социолози, педагози, педијатри и дефектолози кои на судовите ќе им помагаат сеопфатно да навлезат во испитување на проблемот, во постапките за старателство.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Европска Комисија, Најдобриот интерес на детето (НИД). Достапно на https://home-affairs.ec.europa.eu/networks/european-migration-network-emn/emn-asylum-and-migration-glossary/glossary/best-interests-child-bic_en

- ООН, Конвенција за правата на детето (КПД). Усвоена од Генералното собрание на ОН на 20 ноември 1989 година, стапи на сила во септември 1990 година.

- Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (мај, 2011).

- Закон за ратификација на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство. (декември, 2017). Службен весник на Република Македонија бр. 198/2017.

- Закон за семејството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15 и 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 53/21 и 199/23).

- Фокус, Здружението на родители бара заедничко родителство по развод (март, 2024). Достапно на: https://fokus.mk/zdruzhenieto-na-roditeli-bara-zaednichko-roditelstvo-po-razvod/

- Thiara R. and Harrison C., Safe not sorry: Key issues raised by research on child contact and domestic violence" (2016).

- OSCE. OSCE-led Survey on Violence Against Women: North Macedonia - Results Report (мај, 2019). Достапно на: https://www.osce.org/secretariat/419264.

- Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (Службен весник бр.24/2021 од 29.01.2021 година).

- GREVIO - Baseline Evaluation Report North Macedonia (септември, 2023). Достапно на: https://rm.coe.int/baseline-evaluation-report-on-north-macedonia/1680ac76ab

- United Nations Special Rappourteur on violence against women and girls, Custody report (2023) Достапно на: https://www.ohchr.org/en/documents/thematic-reports/ahrc5336-custody-violence-against-women-and-violence-against-children

- European Women's Lobby Towards a Europe Free from Male Violence Against Women and Girls' Recommendations from the European Women's Lobby to end violence against women and girls in Europe once and for all (2020). Достапно на: https://www.womenlobby.org/Towards-a-Europe-free-from-male-violence-against-women-and-girls.

- Women Against Violence Europe – WAVE. Safety as the best interest of the child - Toolkit for victim-friendly judicial practice in child custody, contact and visitation matters (2023). Достапно на: https://wave-network.org/wp-content/uploads/WAVE_ToolkitChild_EN_231208_web.pdf.

- Граѓански законик на Австрија. Достапно на: https://www.trans-lex.org/602100/_/austrian-civil-code/.

- GREVIO's baseline evaluation report on Austria (2017). Достапно на: https://rm.coe.int/grevio-

report-austria-1st-evaluation/1680759619.

- Граѓанскиот законик на Шпанија. Достапно на: https://www.mjusticia.gob.es/es/AreaTematica/DocumentacionPublicaciones/Documents/Spanish_Civil_Code_(Codigo_Civil_Espanol).PDF.

- Jabbaz Ch, Marcela Custody and Care of Children in Spain: Can the Two Rights be Reconciled? (2021). Достапно на: https://link.springer.com/article/10.1007/s10691-021-09466-2.

- Одлука 495/2013 на Врховниот суд на Шпанија. Достапно на: https://bj.scjn.gob.mx/doc/sentencias_pub/ozEF3ngB_UqKst8o_n4J/%22Historia%20de%20M%C3%A9xico%22

- Закон за семејството на Република Хрватска (Obiteljski zakon pročišćeni tekst NN 103/15, 98/19, 47/20, 49/23, 156/23), на сила од 31.12.2023 година. Достапно на: https://www.zakon.hr/z/88/Obiteljski-zakon.

- GREVIO Baseline Evaluation Report, Croatia (септември, 2023). Достапно на: https://rm.coe.int/baseline-evaluation-report-on-croatia/1680ac76c9.

- GREVIO Baseline Evaluation Report on Serbia (јануари, 2020). Достапно на: https://www.coe.int/en/web/istanbul-convention/-/grevio-publishes-its-first-baseline-report-on-serbia.

- OSCE OSCE-led Survey on Violence Against Women: Serbia (2019). Достапно на: https://www.osce.org/secretariat/419750.

- Guardian. Almost 30% spike in rate of Australian women killed by intimate partner last year, data shows (2024). Достапно на: https://www.theguardian.com/australia-news/2024/apr/29/30-spike-in-rate-of-australian-women-killed-by-intimate-partner-last-year-data-shows.

- Guardian. What are Australia's family law reforms, and how will they help women and children fleeing violence? (2024) Достапно на: https://www.theguardian.com/commentisfree/article/2024/may/06/australia-family-law-act-reforms-children-fleeing-violence.

- Australian Government. Australian Institute of Family Studies. Evaluation of the 2006 family law reforms (2009). Достапно на: https://aifs.gov.au/sites/default/files/publication-documents/evaluationreport_0.pdf

# АНЕКС 1 – Прашалник за интервјуа

## *Introductory question:*

1. Can you please tell me more about your work and field of expertise, and more precisely how your work relates to the concept of shared parental custody?

## *Legislation on shared legal custody, its implementation and impact:*

2. Does your country have shared parental custody policies implemented through legal standards and laws?

*If yes,*

3. What are the outcomes of these policies, and can you provide any supporting evidence (such as reports, media coverage, or anecdotal examples)?

4. Can you give as a short history of the development and reasoning behind legislating this concept?

5. What are the main challenges and problems you have encountered with the implementation of shared parental custody, if any?

6. How do you perceive the impact of shared parental custody on children and parents in your country?

7. Can you share any specific stories or examples that highlight the positive or negative impacts of shared parental custody?

*If no,*

8. In your opinion is such policy making needed and why?

## *Good practices and recommendations:*

9. Can you identify any good practices related to shared parental custody that you have observed or implemented, and if so, could you briefly describe some?

10. Based on your experience, what do you believe would be the best possible legal solution for implementing shared parental custody?

11. What recommendations would you make to policymakers who are considering to legislate shared parental custody?